# УЧЕЊЕТО КАКО РАЗГОВОР

Учењето на архитектурата подразбира различни дискурзивни аспекти на професијата но исто така и различни модалитети за спознавање на нејзината содржина, значење и мисловна порака. Покрај директните предавања на еминентни професори и архитекти во аудиториумски формат, најчесто во аулите на познатите архитектонски школи ширум светот, друг така непосреден начин на учење архитектура претставува директниот разговор со нив преку кој на многу личен начин се осознава како за творештвото на соговорникот така и за сензибилитетот на неговата личност. Веројатно еден од најголемите виновници за нашата желба за разговор беше токму Ханс Улрих Обрист, еден од најприсутните критичари на архитектурата и уметноста во последниве неколку декади и особено неговите инспиративни разговори со Рем Колхас на самите почетоци на новиот милениум...

Серијата разговори кои сега ги споделуваме со вас, ги направивме искористувајќи го присуството на неколкумина исклучителни архитекти, едукатори и теоретичари на архитектурата кои беа гости на нашиот факултет по повод прославата на јубилејот за 60 години од неговото постоење. Одлуката да го зграпчиме моментот како можност за непосредно доближување на творечкиот свет на овие исклучителни учители до сите нас, резултираше во серија од седум разговори објавени во книга заедно со видео записи од предавањата одржани на нашиот факултет во 2009 година.

Како потврда на нашето уверување за високиот степен на педагошката вредност на форматот на разговор е токму свежината и актуелноста на пораките што тие ги носат во однос на тековните предизвици со кои се среќава архитектурата иако истите се направени пред повеќе од десет години.

Марија Мано Велевска и Слободан Велевски